ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

## Апликација за крводарителство „Биди Хуман“

Фондот за здравствено осигурување на Македонија има особена чест и задоволство да Ве информира дека денес, 11 септември 2012 година, на Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија во присуство на Директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева Змејкова, деканот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство проф. Димитар Трајанов и директорот на институтутот за трансфузиона медицина прим.др. Ристо Дуковски се промовираше нова алатка за промовирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија - „БИДИ ХУМАН (BE HUMANE)“.



Станува збор за апликативно решение за „паметни“ телефони изработено од страна на група на студенти од Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство под надзор на проф. Владимир Трајковиќ во соработка со институтот и со подршка од ФЗОМ. Апликацијата има за цел да информира за новините и претстојните крводарителски акции во Република Македонија. Она што е неопходно да го има секое заинтерсирано лице е паметен телефон со ANDROID, WINDOWS и iPHONE оперативен систем на кои ќе треба да се превземе апликативното решение на еден од следниве линкови:

**iPhone:**
http://itunes.apple.com/mk/app/be-humane-blood-donation/id537062658?mt=8

**Android:**
https://play.google.com/store/apps/details?id=com.accurabuild.behumane&feature=search_result#?t=W251bGwsMSwxLDEsImNvbS5hY2N1cmFidWlsZC5iZWh1bWFuZSJd

**Windows Phone:**
http://www.windowsphone.com/en-US/apps/322a0c44-6596-46a1-94d5-1d90e3a0052f

истовремено апликацијата може да се превземе од официјалната веб страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија www.fzo.org.mk како и веб страната на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство http://bidihuman.finki.ukim.mk каде можете подетално да се информирате како и да го превземете апликативното решение.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk




Би сакале да потенцираме дека со горенаведеното апликативно решение се дополнува досегашниот начин на информирање за новостите и крводарителските акции во Република Македонија и е наменето за промовирање на крводарителството кај помладата популација која е и најголем корисник на овој тип на технологија.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и во иднина ќе продолжат да промовираат слични проекти и притоа потпишаа меморандум за соработка.

**Со почит,**
**ФЗОМ**